# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НОВАЦИ

www.opstinanovaci.gov.mk
opstina@opstinanovaci.gov.mk

**29.01.2026 година**
**БРОЈ 6/2026 НОВАЦИ**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување Програма за работа на Советот на Општина Новаци**
**за 2026 година**

1. Се прогласува Програма за работа на Советот на Општина Новаци за 2026 година што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 27.01.2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-96/2 Општина Новаци
29.01.2026 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 27.01.2026 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за работа на Советот на Општина Новаци за 2026 година**

**ВОВЕДЕН ДЕЛ**

Во Посебниот дел на оваа Програма, Советот на Општина Новаци, по квартали, ги наведиува планираните работи што треба да ги изврши во текот на 2026 година, а кои согласно законските норми е обврзан да ги донеси во одреден период од годината.

Најголемиот дел на работата на Советот, односно донесувањето на одлуки, планови, правилници и други и прописи, од надлежностите на општината, кои не се наведени во оваа Програма и за кои нема конкретна временска рамка за нивно донесување, ќе се донесуваат во текот на целата 2026г.

**ПОСЕБЕН ДЕЛ**

**ЈАНУАРИ, ФЕВРУАРИ, МАРТ**

Донесување/Усвојување на:

-Одлука за усвојување на тромесечен извештај (четврт квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Новаци за периодот 01.10.2025 до 31.12.2025година;

-Акционен план и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на Општина Новаци за 2026 год.;

-Заклучок за усвојување на Извештај за извршен годишен попис во Општина Новаци за 2025 година;

-Одлука за усвојување на извештаи од правни лица, за начинот на искористување на финансиските средства кои Советот на општината претходно ги има одобрено во 2025 година;

-Одлука за донесување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Новаци за 2023 година;

-Одлука за донесување на Годишен извештај на Општина Новаци за 2025 година;

-Одлука за усвојување на Завршна сметка ЈОУДГ ,,Бамби“ Новаци за 2025 година;

-Одлука за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за 2025 година;

-Одлука за усвојување на Завршна сметка Меѓуопштинското јавно претпријатие „ПЕЛАЛИНК“-Битола за 2025 година;

-Одлука за усвојување на Годишен извештај од ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, на извршени работи за одржување на јавна чистота во Општина Новаци, за 2025 година;

-Одлука за усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, за 2025 година;

-План за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2026 година;

-Програма за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2026 година.

**АПРИЛ, МАЈ, ЈУНИ**

Донесување/Усвојување на:

-Одлука за усвојување на тромесечен извештај (прв квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Новаци за периодот 01.01.2026 до 31.03.2026 година;

-Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Новаци за 2026 година;

-Одлука за усвојување на Извештај, за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2025 година;

-Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2026 година;

-Одлука за давање на согласност за формирање на чисти паралелки од I до IX одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци, за учебната 2026/2027 година;

-Одлука за давање на согласност за формирање на комбинирани паралелки од I до V одделение во ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за учебната 2026/2027 год.;

-Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД ,,Комунална хигиена“ Новаци, за периодот од 01.01.2026г. до 31.03.2026 година.

**ЈУЛИ, АВГУСТ, СЕПТЕМВРИ**

Донесување/Усвојување на:

-Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување за периодот 2026/27 год. во ООУ “Славко Лумбарковски”-Новаци;

-Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД „Комунална хигиена“ с. Новаци за 2027 год.;

-Програма за управување со животна средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во Општина Новаци за 2026 год.;

-Одлука за усвојување на тромесечен извештај (втор квартал) за извршувањето на

Буџетот на Општина Новаци за периодот 01.04.2026г. до 30.06.2026 година;

-Одлука за давање на Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Меѓуопштинското јавно претпријатие „Пелалинк“;

-Одлука усвојување на Годишен Извештај за работа на ЈОУДГ ,,Бамби“ Новаци за 2025/2026 година;

-Одлука донесување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Бамби“ Општина Новаци, за 2026/2027 година;

-Одлука давање на согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ ,,Бамби“ Општина Новаци, за 2027 година;

-Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување на Општина Новаци, за 2026 година;

-Одлука за усвојување на Годишен Извештај за работа на ООУ ,,Славко Лумбарковски“, Новаци, за 2025/2026 година;

-Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ ,,Славко Лумбарковски“ Новаци, за 2026/2027 година;

-Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД ,,Комунална хигиена“ Новаци за период од 01.01.2026г. до 30.06.2026г.;

-Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола, за 2026 година;

**ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ**

Донесување/Усвојување на:

-Одлука за усвојување на тромесечен извештај (трет квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Новаци за периодот 01.07.2026г. до 30.09.2026 година;

-Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на Општина Новаци за сезоната 2026/27 година;

-Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, за период од 01.07.2026 г. до 30.09.2026 г.;

-План на програма за развој на Општина Новаци за период од 2026-2028 год.;

-Одлука за определување на пазарна вредност на градежното и земјоделското земјиште на територијата на Општина Новаци за 2027 г. по зони и катастарски општини според просечната цена на извршени купопродажби во претходната година;

-Мислење за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзии и други слободни активности, со учениците од трето одделение на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2026/2027 година;

-Мислење за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзии и други слободни активности, со учениците од шесто одделение на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2025/2026година;

-Мислење за Програмата за начинот на изведување на училишни екскурзии и други слободни активности, со учениците од деветто одделение на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци, за учебната 2026/2027 година;

-Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола;

-Локален акциски план за управување со отпад за 2027/28 година;

-Програма за локален економски развој за 2027 година;

-Програма за работа на Советот на Општина Новаци за 2027 година;

-Програма за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2027 година;

-Програма и Акционен план за социјалната заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2027 година;

-Програма за еднакви можности на Општина Новаци за 2027 година;

-Програма за образование во Општина Новаци за 2027 година;

-Програма за култура, културни активности, културни и други манифестации на општина Новаци за 2027 година;

-Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во Оштина Новаци за 2027 година;

-Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2027 година;

-Програма за уредување на градежно земјиште за 2027 година;

-Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Новаци за 2027 година;

-Програма за животна средина за 2027 година;

-Програма за одржување на локалните водоводи во Општина Новаци за 2027г;

-Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2027 година;

-Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ЈПКД Комунална хигиена,, Новаци за 2027 година;

-Одлука за давање на Согласност на Планот за работа на Меѓуопштинското јавно претпријатие ’’Пелалинк“ Битола, за 2027 година;

-Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници во Општина Новаци за 2027 година;

-Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на помошно технички лица во општинската администрација за 2027 година;

-Усвојување на Буџетски календар за 2026 год. на Општина Новаци

-Усвојување на Нацрт Буџет на Општина Новаци за 2027 година;

-Усвојување на Предлог Буџет на Општина Новаци за 2027 година;

-Донесување на Буџет на Општина Новаци за 2027 година;

-Донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2027 година;

**ЗАВРШЕН ДЕЛ**

Програмата за работа на Советот на Општината Новаци за 2026г., ќе се реализира во временска рамка како што е предвидено во Посебниот дел на програмата и во зависност од доспеаноста на прописите од страна на нивните предлагачи.

Во зависност од потребите на Општина Новаци, Програмата може да се изменува и дополнува во текот на целата 2026 година. Програмата за работа на Советот на Општината Новаци, влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Новаци“.

14-60/4 — Совет на општина Новаци
27.01.2026 — Претседател
Новаци — Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување Заклучок**
**за утврдување на неуредност на Предлогот за покренување на Граѓанска иницијатива за спроведување на референдум на локално ниво**

1. Се прогласува Заклучок за утврдување на неуредност на Предлогот за покренување на Граѓанска иницијатива за спроведување на референдум на локално ниво, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 27.01.2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-96/3 Општина Новаци
29.01.2026 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа 76 став 3, 4 и 5 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Сл. весник на РМ“ бр. 81/2005), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци, на седницата одржана на ден 27.01.2026г. донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за утврдување на неуредност на Предлогот за покренувње на Граѓанска иницијатива за спроведување на референдум на локално ниво**

1. Советот на Општина Новаци, го разгледа Предлогот за покренување на Граѓанска иницијатива за спроведување на референдум на локално ниво, со предложено прашање на референдумот:,,Дали сте ЗА или ПРОТИВ изградба на Регионална депонија во Општина Новаци и Пелагонискиот регион,, ги испита и провери законските можности за утврдување на уредноста/неуредноста на иницијативата, односно дали Предлогот се однесува на прашање за кое општината е надлежна да одлучува. Исто така Предлогот го проследи и до Владата на РС Македонија и надлежните министерства за преиспитување на надлежноста и добивање на конкретни насоки за постапување.

2. Согласно член 28 од Законот за локална самоурва: ,,Граѓаните преку референдум можат да одлучуваат за прашањата од надлежност на општината, како и за други прашања од локално значење,, како и член 3 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните „Граѓанска иницијатива може да се покрене за донесување на одреден пропис на општината, за решавање на одредено прашање од надлежност на советот на општината и распишување на референдум“ и член 38: „Референдум на локално ниво може да се распише за донесување пропис, за прашања што треба да се

уредат во општината (предходен референдум) или за преоценување на пропис што предходно е донесен (дополнителен референдум)“.

3. Советот на Општина Новаци, постапувајќи по законските одредби и насоките на ресорните министерства односно Владата на РСМакедонија, утврди дека Предлогот за покренување на Граѓанска иницијатива за спроведување на референдум на локално ниво, не е уреден, бидејќи прашањето не е од надлежност на Советот на општината (одлуката за локација на депонијата, не ја донесе општината).

4. Заклучокот да се достави до Овластениот предлагач на Предлогот за покренување на Граѓанска иницијатива за спроведување на референдум на локално ниво.

5. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

14-60/5 — Совет на општина Новаци
27.01.2026 — Претседател
Новаци — Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци, за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија**

1. Се прогласува Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци, за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија, што Советот на Општина Новаци ја донесе на седницата одржана на 27.01.2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-96/4 — Општина Новаци
29.01.2026 — Градоначалник
Новаци — Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и ,,Сл. весник на РСМ” бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр.07/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 27.01.2026 година донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци, за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите под кои може да се поднесе Барање и критериумите, постапката и реализацијата на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија.

**Член 2**

Средствата за реализација на поднесените барања се планираат во Буџетот на Општина Новаци на годишно ниво секоја тековна година и се однесуваат на младите лица со место на живеење и постојано престојување во Општина Новаци до 26 годишна возраст, согласно Програмата за Локален економски развој за тековната година на Општина Новаци.

**Член 3**

Средствата предвидени во Буџетот на годишно ниво, за еднократна парична помош, ќе се распределуваат на корисниците, баратели, според критериумот, да се млади лица до 26 годишна возраст, кои имаат регистрирано место на живеење

и постојано престојување на територија на Општина Новаци.

Рокот за поднесување на Барање за исплата на средства согласно овој Правилник е во рамките на рокот даден при објавувањето на јавниот повик.

Младите лица до 26 годишна возраст треба да докажат дека местото на живеење и постојано престојување е во населено место на територијата на Општина Новаци а тоа се докажува со приложување на копија од личен документ за идентификација и со Потврда издадена од Министерство за внатрешни работи.

**Член 4**

За секое младо лице до 26 години - жител на Општина Новаци што ги исполнува критериумите според овој правилник и објавен јавен повик, ќе се врши исплата на износ од **10.000,00 денари нето од ставка 464 990 – Други трансфери Програма А0 Совет на Општина**, во согласност со Програмата за Локален економски развој за тековната година. Вкупниот износ на планирани средства за оваа намена во Буџетот на Општина Новаци ќе се прецизира со Јавниот повик согласно Програмата за Локален економски развој за тековната година на Општина Новаци, и истиот ќе биде распределен на барателите по принципот „прв дојден, прв услужен“ по редослед на аплицирање и исполнување на бараните услови до исцрпување на горенаведениот износ.

Средствата ќе се исплатат по доставување на доказ за помината обука од автошкола потребна за полагање на возачки испит за добивање на возачка дозвола од Б категорија. Доколку барателот не се пријавил и не посетувал ваква обука во тековната година по поднесеното барање и не поднесе доказ за помината обука најдоцна до 1 декември во тековната година, предвидените средства нема да му бидат исплатени.

**Член 5**

Подносителите на барање за добивање на субвенција на млади лица - жители на Општина Новаци, за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија се должни да приложат:

- фотокопија од лична карта од барателот или на еден од родителите на барателот;
- фотокопија од трансакциска сметка на барателот или на еден од родителите на барателот;
- Потврда од Автошкола, за упис на кандидат за возач на возило;
- Доказ дека е направена уплата (платена рата или целосен износ) за обука во автошколата во рокот за аплицирање прецизиран во објавениот јавен повик;
- Потврда издадена од Министерство за внатрешни работи, Оддел за граѓански работи, Сектор за управно надзорни работи, Отсек за управни работи, издадена врз основа на евиденција за живеалиште, престојувалиште и лични карти дека младите лица или нивните родителите имаат пријавено адреса на живеење на територија на Општина Новаци и дека истите немаат пријавено престој надвор од Општина Новаци или надвор од Република Северна Македонија
- И З Ј А В А заверена на нотар за согласност за користење на личните податоци.

**Член 6**

Средствата предвидени во Буџетот за оваа намена, по утврдените критериуми ќе ги доделува Градоначалникот на Општина Новаци.

По истекот на рокот предвиден за поднесување на барања, Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР при Советот на Општина Новаци, врз основа на доставената документација, утврдува кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија, и составува записник.

Доколку барателот достави некомплетна документација, наведена во член 5 од овој Правилник, Комисијата е должна да му достави известување на барателот и да го задолжи барателот во рок од 5 работни дена по приемот на известувањето да ги комплетира документите.

Доколку барателот не ги комплетира документите во рокот предвиден во став 3 од овој член, ќе се смета дека не ги исполнува условите за добивање на субвенција на млади лица - жители на Општина Новаци за обука на теоретски и практичен дел за полагање на возачки испит од Б категорија и истиот ќе биде одбиен со решение по истекот на рокот за докомплетирање на барањето предвиден во став 3 од овој член.

Доколку барателот достави уредна и комплетна документација, Градоначалникот на Општина Новаци, ќе донесе Решение за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија, во рок од 15 дена од приемот и комплетирањето на барањето.

Барањето, еден примерок од Записникот од Комисијата и еден примерок од Решението за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија, се доставува до Одделение за финансиски прашања во Општина Новаци.

Средствата по барањето ќе се исплатат по доставување на доказ потврда од автошкола за посета на обука за возачки испит до Комисијата при Општина Новаци. Доколку барателот не достави потврда за упис во автошкола и посета на обука за возач на возило во тековната година и доказ дека е направена уплата (платена рата или целосен износ) за обука во автошколата во рокот за аплицирање прецизиран во објавениот јавен повик, по поднесеното барање најдоцна до 1 Декември во тековната година, предвидените средства нема да му бидат исплатени.

**Член 8**

Правилникот влегува во сила веднаш по донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

| | |
|---|---|
| 14-60/6 | Совет на општина Новаци |
| 27.01.2026 | Претседател |
| Новаци | Илче Трајковски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување Програма за еднакви можности меѓу жените и мажите за 2026 година**

1. Се прогласува Програма за еднакви можности меѓу жените и мажите за 2026 година, што Советот на Општина Новаци ја донесе на седницата одржана на 27.01.2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-96/5 Општина Новаци
29.01.2026 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

# ОПШТИНА НОВАЦИ

**ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ**
**ЗА 2026 ГОДИНА**

Јануари 2026

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ( “Службен весник на Република Македонија” бр.05/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 14 став 1 и 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (“Службен весник на Република Македонија” бр.6/12, 166/14 и 150/15 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.53/21), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 27.01.2026 година, донесе:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2026 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Програма за еднакви можности на Општина Новаци за 2026 година опфаќа активности од областа на родовата еднаквост и недискриминација, иницијативи и акции кои ќе водат кон унапредување на положбата на мажите и жените и заштитата од дискриминација и истата претставува инструмент за спроведување на локални политики што ја промовираат родовата еднаквост, ја зајакнуваат институционалната чувствителност и создаваат услови за активно учество на жените и мажите во јавниот, економскиот и општествениот живот.

Политиката на остварувањето на еднаквите можности на жените и мажите треба да овозможи еднакво учество, услови, статус и третман во остварувањето на правата во сите области на општественото живеење.

Важноста на оваа програма произлегува од потребата за обезбедување на еднаков пристап до ресурси, услуги и можности за сите граѓани, без оглед на полот, возраста, етничката припадност, попреченоста или социјалниот статус.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирање на вистинско еднакво општество.

И покрај бројните залагања за надминување на нееднаквостите меѓу жените и мажите , на локално ниво , сеуште постојат социјални, политички, економски и културни нееднаквости меѓу нив. Ваквите нееднаквости се резултат на социјалниот менталитет наметнат поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието и културата, работната средина, медиумите итн. Програмата има за цел да обезбеди спроведување на активности за реализација на приоритети утврдени во Програмата, во делот на социјална инклузија, рамноправност и човекови права.

Општина Новаци Програмата ќе ја реализира во рамките на своите можности и расположливите средства во Буџетот на Општината за 2026 година, во соработка со различни здруженија на граѓани, институции и организации, кои работат на полето на родовата еднаквост.

**ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

---

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Новаци во рамки на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2026 година се:

- промоција на родовата еднаквост како суштинска вредност на општината како локална заедница, (преку спроведување на информативни кампањи и манифестации, информирање на жените за услугите и можностите кои ги нуди Општина Новаци и преку редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност), зајакнување на институционалните капацитети на Општина Новаци за вклучување на родов пристап во програмирањето и буџетирањето, (преку обуки на КЕМ и општинската администрација), развивање на интерни принципи, норми, постапки и механизми за координирано дејствување
- Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита и родовата рамноправност. Препознавање на дискриминацијата врз основа на пол (во согласност со законските одредби), како и информирање за системите за заштита и казнување на кршењето на тоа право
- промоција на родовата еднаквост како суштинска вредност на општината како локална заедница, (преку спроведување на информативни кампањи и манифестации, информирање на жените за услугите и можностите кои ги нуди Општина Новаци, зајакнување на институционалните капацитети на Општина Новаци за вклучување на родов пристап во програмирањето и буџетирањето, (преку обуки на КЕМ и општинската администрација), развивање на интерни принципи, норми, постапки и механизми за координирано дејствување
- унапредување на заштита од насилство врз жени
- унапредување на механизмите за учество на жените во процесот на носење на одлуки во заедницата со посебен акцент на вклучување на маргинализираните жени
- зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје. Постои потреба од поголема информираност за подобрување на здравствената заштита, поголема едукација за малигните заболувања на репродуктивните органи, за болестите кои се својствени на современите услови на живеење
- Да се зголеми бројот на жени на одговорни функции /сектори и одделенија/ во општинската администрација така и во, комисиите, правните и надзорните органи во локалните институции
- Да се зголеми довербата на граѓаните во институциите во однос на првенцијата и заштитата од родово базирано насилство
- Вклучени жени во едукативни настани и активности /трибини, едукативни работилници/ за запознавање со заштитните механизми што ги нуди домашното законодавство за превенција и заштита од родово базирано насилство

- Вклучување и информирање за можностите на невработени жени од Општина Новаци во програмите и мерките на АВРСМ

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

Активностите за унапредување на состојбата со родовата рамноправност би се спроведувале преку следните форми и облици:

- Работилници
- Организирање обуки за определени прашања
- Информирање на граѓаните
- Лобирање и креативни работилници
- Организирање на коалиции од НВО за дејствување

## ОБЛАСТИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

Програмата ќе се спроведува во текот на 2026 година и активностите за унапредување на состојбата со родовата рамноправност ќе се насочат во следните области:

**Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Новаци**

- Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници
- Ефективно учество во институциите и донесувањето на одлуките

**Воведување на родов пристап во креирање политики**

- Обука на советниците од Советот на Општина Новаци за еднакви можности и родова рамноправност
- Воведување на механизам за обезбедување родово разделени податоци за внатрешната организација на институциите и училиштата

**Родова еднаквост преку образование**

- Подршка на образовните потреби на деца во училишна возраст (самохрани и ниско образовни родители) – ангажирање на образовни асистенти

- Информирање на ученици кои го завршуваат основното образование за можностите кои ги нудат нетипичните образовни профили (поради недоволен интерес на девојчињата и момчињата за изучување на нетипични образовни профили)
- Спроведување на обука со ученици од средните училишта за зајакнување на капацитетите за препознавање и подигање на свеста за родово базирано насилство

**Родова еднаквост и економското јакнење на жената**

- Подигнување на свеста на руралната жена
- Обуки каде во фокусот ќе бидат можностите за претприемништво и бизнис на руралната жена
- Климатски промени и влијанието врз земјоделието / заштита на животната средина
- Родова еднаквост и меѓуопштинска регионална соработка

**Родова еднаквост преку здравство**

- Подигање на свест за репродуктивно здравје (преку кампањи и работилници)
- Спроведување на едукација за рано откривање на малигни заболувања, дијабетис, срцеви болести
- Подигање на свест на средношколската младина за опасностите од сексуално преносливи болести во насока на нивно превенирање

**Родова еднаквост преку социјална заштита**

- Родова анализа на корисниците на социјалната помош која се доделува од општината,олеснет пристап за остварување на еднократна помош
- Подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени преку ангажирање на лица кои ќе им помагаат (преку проектот "Социјална услуга- давање нега и помош во домот ")
- Организирање посети на стари лица , самци, самохрани родители, лица со попречености
- Едукативни работилници за сите форми на насилство

**Јакнење на свесноста на жените за зголемено учество во политичкиот живот**

- Подигање и јакнење на свесноста на жените за зголемено учество во политичкиот живот,преку организирање на трибини и средби

Општина Новаци ќе ја вклучи родовата перспектива во дел од своите програми, (социјална, локално-економски, комунални ) преку родово-сензитивно унапредување на постапките за јавни набавки, родово одговорно буџетирање и следење на спроведувањето на програмите и услугите со цел унапредување на родовата еднаквост во општината.

## МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

За успешна имплементација на Програмата за 2026 година, потребно е да се спроведе мониторинг во периодот кој го покрива овој датум, како и евалуација за проценка на успешноста на реализацијата на програмата врз унапредувањето на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Новаци. Основни методи кои ќе бидат користени во мониторингот и евалуацијата се: Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Новаци и Координаторката за еднакви можности која го изработи овој документ ќе го следат текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели. До Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности на мажите и жените ќе се доставува годишен извештај за имплементација на активностите и реализацијата на целите.

Ефикасноста на програмата ќе се мери преку исполнувањето на на планираните активности и бројот на корисници, додека ефективноста ќе се гледа преку долгорочните резултати, како што се подобрена економска положба на жените и намалување на родово основано насилство.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во "Службен гласник" на Општина Новаци и важи за периодот 2026 година , освен ако не е предвидено продолжување.

Сите активности предвидени со програмата треба да се спроведуваат во согласност со националните закони и регулативи, како и принципите на родова еднаквост.

КЕМ и партнерските организации се обврзуваат да обезбедат транспарентност и отчетност во реализирање на програмата, како и редовно известување на надлежните органи.

За реализација на претходно наведените активности , средствата ќе се обезбедат од Општина Новаци во износ од 40.000 денари, додека за дополнително финансирање на активностите ќе бидат побарани средства од донатори.Истите се наменети исклучиво за активности наведени во програмата и мора да се користат согласно утврдените буџетски процедури.

**АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА НОВАЦИ**

| | **Предвидени мерки и активности** | **Одговорни за имплементација** | Индикатори | Извори на финансирање | Потребни финансиски средства /Буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Економско јакнење на жените** Зголемување на вработеноста на жените | 1.1.Промоција на можностите за олеснет пристап до пазарот на трудот<br>1.2.Кампања за подобрување на транспарентноста на постапките за вработување<br>1.3.Промовирање на мерки за вработување и сопствен бизнис | КЕМ<br>Граѓански организации<br>АВРМ | Бр.на одржани трибини, обуки<br>-број на посетители<br>-зголемен број на нововработени жени<br>-изработка на брошура<br>-зголемен интерес на невработени жени за самовработување | Општина Новаци<br>Граѓански организации | 5.000,00 ден. |
| 2. Подобрување на положбата на жените и мажите во областа на **социјална заштита** | 2.1.Организирање трибини<br>2.2. Организирање посети на стари лица, самци, самохрани родители, лица со попречености<br>2.3.Олеснет пристап за остварување на еднократна помош<br>2.4Подобрување на | КЕМ<br>Граѓански организации<br>Црвен крст<br>ЦСР<br>Координатор за еднакви можности<br>Меѓуопштински центар за социјална | Број на корисници<br>Број на одржани редби, посети,<br>Број на корисници на помош | Општина Новаци<br>Граѓански организации | 10.000,00 ден.<br>Програма за социјална заштита |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | квалитетот на животот на возрасните мажи и жени<br>2.5.Доделување на еднократна парична помош за жени и мажи-самохрани родители<br>2.6.Одбележување на меѓународни денови за подигање на свеста на жените и мажите | работа | | | |
| **3.** Подобрување на положбата на жените и мажите во областа на **здравството** | 3.1. Спроведување здравствена едукација за рано откривање на малигни заболувања<br>3.2.Едукација за превенција од зависности (дрога, алкохол, обложување)<br>3.3. Бесплатни прегледи, мерења | КЕМ<br>Граѓански организации<br>Црвен крст<br>ЈЗУ<br>Координатор за еднакви можности | Бр.на посетители<br>Бр.на извршени прегледи | Општина Новаци<br>Граѓански организации | 10.000,00 ден. |
| 4. Ефективно остварување на **човековите права**<br>Борба против **родово базирано насилство**, заштита и поддршка на жртвите | 4.1.Едукација за облиците на дискриминација, родовата еднаквост<br>4.2.Обука на советниците од Советот на Општина Новаци за еднакви можности и родова рамноправност | КЕМ<br>Граѓански организации<br>координатор за еднакви можности<br>Советници<br>ОУ Славко Лумбарковски-Новаци | Бр.на обуки<br>-бр.на посетители<br>-печатени флаери | Општина Новаци<br>Граѓански организации | 5.000,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4.3.Едукација за облици на родово базирано насилство преку работилници за подигање на свеста за превенција и заштита од родово насилство во училиштата | | | | |
| 5. Јакнење на свесноста на жените за зголемено учество **во политичкиот живот** | 5.1Подигање и јакнење на свесноста на жените за зголемено учество во политичкиот живот,преку организирање<br>-трибини<br>-средби | КЕМ<br>Граѓански организации<br>Координатор за еднакви можности | -бр.на посетители<br>-бр.на жени кандидати | Општина Новаци<br>Граѓански организации | 5.000,00 ден. |
| 6. **Родова еднаквост преку образование** | 6.1. Подршка на образовните потреби на деца во училишна возраст (самохрани и ниско образовни родители) – ангажирање на образовни асистенти<br>6.2Информирање на ученици кои го завршуваат основното образование за можностите кои ги нудат нетипичните образовни профили (поради недоволен | КЕМ<br>Координатор за еднакви можности<br>ОУ Славко Лумбарковски-Новаци<br>Граѓански организации | Бр. На одржани работилници<br>Посетеност | Општина Новаци<br>Граѓански организации | 5.000,00 ден.<br>МОН(ангажирање на образовни асистенти) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | интерес на девојчињата и момчињата за изучување на нетипични образовни профили) | | | | |
| 7.Прибирање на родово разделени податоци | 7.1 Унапредув. На механизам за обезбедување на родово разделени податоци во програмите и извештаите кои се разгледуваат од советот<br>7.2 Воведување на механизам за обезбедување на родово разделени податоци за внатрешната организација на институциите и училиштата | КЕМ Координатор и зам.координато рза еднакви можности | Број на родово одговорни интервенции кои се воведени во програми<br><br>Изготвени документи со родово разделени податоци за општинските институции | Нема финансиски импликации | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8.Климатските промени и влијанието врз земјоделието | 8.1.Обука за мерките за заштита од климатски промени, информации за финансиски средства за истите | КЕМ<br>Надлежни институции | Број на реализирани обуки<br>Број на учесници | Општина Новаци | / |

Подготвил:
Ирена Поповска Талевска
**Координатор за еднакви можности**
**Совет на Општина Новаци**

**Совет на Општина Новаци**
**Претседател**
**Илче Трајковски**

Разгледува:
Комисија за еднакви можности

Донесува:
Совет на општина Новаци

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување Одлука за одобрување на иницијатива за изведување на градежни активности во црквата св.Никола во с.Брод;**

1. Се прогласува Одлука за одобрување на иницијатива за изведување на градежни активности во црквата св.Никола во с.Брод, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 27.01.2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-96/6 Општина Новаци
29.01.2026 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 27.01.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за одобрување на набавка на градежен матерјал за црквата „Св. Никола“ с. Брод**

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува набавка на градежен матерјал за црквата „Св. Никола“ с. Брод согласно можностите на општината, а за градежни активности.

Член 2

Градежниот матерјал ќе го набави Општина Новаци, согласно Законот за јавни набавки.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа Одлука, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2026 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-60/8 Совет на општина Новаци
27.01.2026 Претседател
Новаци Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Марина Наумовска од с.Новаци**

1. Се прогласува Одлука за доделување на еднократна парична помош на Марина Наумовска од с.Новаци што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 27.01.2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-96/7 Општина Новаци
29.01.2026 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( “Сл. Весник на РМ” бр.05/02 и “Сл.весник на РСМ” бр.202/24), член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци (“Сл.гласник на Општина Новаци” бр.7/19 и 16/24), и Барање бр.08-109/157 од 27.11.2025 год., Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 27.01.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**
